МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
— ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА
СВЕТ АРХИЈЕРЕЈСКИ СИНОД

# ТАКОВ АРХИЈЕРЕЈ НИ ТРЕБАШЕ

Скопје 2024

# ТАКОВ АРХИЈЕРЕЈ НИ ТРЕБАШЕ

**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ**
ВО ЧЕСТ НА АРХИЕПИСКОПОТ ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ
ДОСИТЕЈ

**Ѓакон проф. д-р Дејан Борисов,**
декан на ПБФ „Св. Климент Охридски“ – Скопје

# ОД БОГОСЛОВОТ ДИМИТАР – ДО СИНГЕЛОТ ДОСИТЕЈ

На почетокот од XX век, Лазар и Софија Стојковски, Македонци од село Маврово, Македонија, поради тешките услови за живот мигрирале во северните делови на Кралството Србија, во Смедерево. Таму на 24 ноември/7 декември 1906 година[1], им се родило четвртото дете кое, при крштението во тамошниот храм „Св. вмч. Георгиј“, го добило името Димитар. Податоците за раѓањето и крштението на Димитар ги црпиме и од извод од Регистарот на родени и крстени[2], кој

---

1 „Негово блаженство прв Архиепископ охридски и скопски и Митрополит македонски господин господин Доситеј (Биографија)“, Службен весник на МПЦ, *Гласник,* бр. 1, год. I, Скопје, јануари 1959, 2.

2 Архив на САС на МПЦ – ОА: *Извод из регистра за уписивање РОЂЕНИХ и КРШТЕНИХ из Српске православне цркве смедеревске, храма Св. Вмч. Муч. Георгија у Смедереву,* Књига 23, стр. књиге 165, Текући број 352. Документот е издаден на 19 септември 1937 година. Издаден е од Регистарот наместо од Протоколната книга бидејќи, како што е посочено во самиот извод, за време на војната Протоколарната книга била уништена и внесени се само оние податоци кои ги имало во Регистарот. Податоците кои недостасуваат се: целосниот датум на раѓање, датумот на крштението, податокот за тоа кое дете е по ред, како и имињата на свештеникот кој го извршил крштението, кумот, како и она на докторот/бабицата што присуствувале на раѓањето. Соодветно на времето и практиките, Димитар Стојковски во изводот е заведен како: Димитрије Стојковић. Архив на Светиот архијерејски синод на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија (Архив на САС на МПЦ – ОА): *Сведочанство о Стручном богословском испиту (богословском испиту зрелости),* бр. 1234, 12 јуна 1937 год. у Битољу.